# Житијната литература за св. Гаврил Лесновски и воспоставениот култ во македонската културна традиција

Лилјана Макаријоска
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје, Северна Македонија
lmakarijoska@gmail.com

**DOI**
https://doi.org/10.18690/um.ff.9.2023.18

**ISBN**
978-961-286-778-2

Светителски култ на св. Гаврил Лесновски, пустоножител, богоугодник, светител, чудотворец, се развивал преку религиозно-духовната, книжевната, ликовната и народната традиција. Тој е еден од македонските пустиножители, зачетници на еремитското монаштво. При проследувањето на житијната композиција, односно содржинската структура се изделуваат: чудесното раѓање на пустиножителот; образованоста и неговите световни склоности, христијанската вера и љубовта кон севишниот, воспоставувањето врска со манастирскиот култ, чудотворните дела на светителските мошти (слепи прогледувале, болните се исцелувале, а поразените од нечистиот дух биле исчистени) итн. Култот на преп. Гаврил Лесновски бил одржуван во фрескоживописот, во народното творештво, месните преданија и легенди, верувањата итн. Несомнена е живата традиција на верувањата дека од неговите мошти се источуваат разни чуда и многу луѓе добиле исцеление.

**Клучни зборови:**
житие,
пустиножител,
предание,
култ,
традиција

University of Maribor Press

**DOI**
https://doi.org/
10.18690/um.ff.9.2023.18

**ISBN**
978-961-286-778-2

# THE HAGIOGRAPHICAL TEXTS FOR ST. GAVRIL LESNOVSKI AND ESTABLISHED CULT IN THE MACEDONIAN CULTURAL TRADITION

LILJANA MAKARIJOSKA
Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, Institut of Macedonian Language "Krste Misirkov", Skopje, North Macedonia
lmakarijoska@gmail.com

**Keywords:**
hagiography,
eremite,
local traditions,
cult,
tradition

Sacred cult of Gavril Lesnovski, eremite, godsend, saint, miracle worker, spread and developed through the religious-spiritual, literary, artistic and folk tradition. He is one of the Macedonian hermits who are considered the founders of the hermit monasticism. The analysis of the hagiography composition, i.e. it`s content structure, discovers the following segments: the miraculous birth of the hermit; education and his secular inclinations, the Christian faith and love of the Supreme, establishing a connection with the monastic cult, the miraculous works of the holy relics (the blind have seen, the sick have been healed, and those who have been possessed by an unclean spirit have been cleansed). The cult of Venerable Gavril Lesnovski was maintained in the painting tradition, as well as in folklore, in many local traditions and legends, beliefs, etc. Undoubtedly, there is a living tradition of the belief that various miracles are associated to his relics and lot of people were healed of it.

University of Maribor Press

## 1 Вовед.

Житијниот жанр се приопштува кон хагиографскиот род, кој имал своја сопствена еволуција, одделна од појавата и развојот на историско-летописниот жанр, иако меѓу нив има заемен однос, жанровското преплетување. Во еволутивниот развој на житијниот жанр, за почетниот период е карактеристично тоа што историските факти и личности биле опфаќани и претставувани во рамките на можното, но во натамошниот период житието губело од својата веродостојност, односно историографските елементи ослабнале (Јакимовска-Тошиќ 1999: 7). Житијата, меѓу другото, го расветлуваат и осаменичкиот живот на светителите, што како форма на богоугодност и пожртвуваност потекнува од најстари времиња и има големо значење за ширењето и зацврстувањето на христијанската вера.

## 2 Свети Гаврил Лесновски.

Свети Гаврил Лесновски, пустоножител, богоугодник, светител, чудотворец, потекнува од Осечко Поле, Кривопаланечко, а живеел до крајот на XI или почетокот на XII век. Тој е еден од македонските пустиножители (заедно со св. Јован Рилски, св. Јоаким Осоговски и св. Прохор Пчињски) кои се сметаат за зачетници на еремитското монаштво во Македонија. Тој својот подвизнички (анахоретски) подвиг го реализирал во првата половина на XI век и тоа во околината на Злетовската Планина, аскетувајќи во четири испосници: првата исцелителна на југ, втората во местото Градиште – каде што самиот го насликал Успението на пресвета Богородица, третата била посветена на св. Илија и четвртата се наоѓала на Облов Врв.

Податоците за преподобниот отец Гаврил, главно, имаат хагиографско-легендарен карактер и се согледани од неговите житија, служби, односно од зачуваните преписи од XIX век, во ракописни зборници и др., како и од преданија и легенди.

При проследувањето на житијната содржина се изделуваат: чудесното раѓање на пустиножителот; образованоста и неговите световни склоности, христијанската вера како животна определба на пустиножителот и љубовта кон севишниот, воспоставувањето врска со манастирскиот култ, заминувањето

во подвизништво, посветувањето и откривањето култ на пустиножителот, чудотворните дела на светителските мошти (слепи прогледувале, болните се исцелувале, а поразените од нечистиот дух биле исчистени), закрилната моќ, култната врска со злетовскиот крај и со Лесновскиот манастир, кој зазема значајно место во македонската црковна, национална и културна историја (Велев 1990a: 21–38).

Според житијните извори Гаврил Лесновски потекнувал од Осечко Поле (па познат е и како светецот од Осечко Поле). Неговите родители биле богати, но долго време немале деца, па времето го минувале во плач и молитви упатени кон Бога да ги дарува со пород и потоа Господ ги дарувал со машка рожба. Родителите сакале нивното дете да биде образовано, па кога пораснало го дале да се школува, а подоцна сакале да го оженат, му нашле девојка „од добар и царски род", но тој повеќе сакал да се посвети на Бога. Се случило токму на свадбата да почине невестата, а Гаврил побарал одобрение од родителите да го напушти родниот дом. И откако тоа се случило, на сон му се јавил ангелот Господов и му рекол да оди во Осечко Поле и да изгради црква посветена на Пресвета Богородица. Гаврил се вратил кај родителите и им го раскажал сонот, а тие му дале богатство по што тој ја изградил црквата и ја живописал. Потоа пак се вратил во Лесновскиот манастир, достоинствено ги поднел сите искушенија и потоа со согласност на игуменот отишол во една шума во близината на Злетово и тука времето го минувал во пост и молитви, се оддал на денонокна молитва и богоугодност. Тука многу луѓе кои доаѓале кај него се излекувале од разните болести, се спасиле од бесовите, па затоа доаѓале кај него да се лекуваат.

Според Житието Гаврил по напуштањето на овој скит отишол во местото Луково во некоја мала шума за која никој не знаел и тука минал извесно време. Оттука заминал во некоја далечна, тешко достапна планина и во пештера во местото наречено Облов Врв, поминал триесет години и починал, но никој не знаел каде починал и мислеле дека се преселил на друго место.

По извесно време светецот му се јавил на сон на некој Русин по име Јосиф кој живеел во градот Средец и му заповедал да појде на местото наречено Облов Врв, да ги земе моштите и да ги пренесе во Лесновскиот манастир. Така, според житието, моштите на св. Гаврил стигнале во Лесновскиот манастир,

подоцна биле пренесени во Трново, во црквата „Свети Апостоли“ на Трапезец. Подоцна манастирот што тој го основал и што го носи неговото име станал важен книжевен центар[1].

## 2.1 Житија и служби.

Житијата на св. Гаврил Лесновски го привлекуваат вниманието на повеќе истражувачи: Велев (1990а: 21–38, 1990б: 49–66, 1991: 215–221, 1993: 160–171, 1995: 285–314, 1996), Стојчевска-Антиќ (2003: 50–55, 156–177), Миловска, Таковски (1996: 109–113) и др. Во средновековниот период за Гаврил Лесновски се составиле три варијанти на житија и служби: првата уште во втората половина на XI век, втората во периодот на XIII век и третата во втората половина на XVI или најдоцна во XVII век. Првото житие и првата химнографска форма на состав за него не се сочувани. Преписи од втората варијанта на житието се евидентирани во Станиславовиот пролог од 1330 г. (Белград, САНУ бр. 53), во Лесновскиот Ковачевиќев пролог од периодот меѓу 1330 и 1340 г. (Белград, НБ – Нова збирка Рс 705) со податокот дека Гаврил го изградил храмот посветен на св. Архангел, каде што назначил игумен и собрал монаси (Конески 1977: 19, Велев 1990: 32–37) и во Третиот лесновски пролог од 1340 г. (Белград, НБ – Стара збирка бр. 27). Преписи од неговата служба се евидентираат во веќе несочуваните ракописи: Оливеровиот минеј од 1342 г. (Белград, НБ – Стара збирка бр. 62) и во Станиславовиот минеј од XIV век (Белград, НБ – Стара збирка бр.15). Третите „онародени“ варијанти од житието и службата за преподобниот Гаврил се евидентираат во повеќе сочувани и несочувани преписи, што потекнуваат од XIX век. Пред сè, се имаат предвид преписите во Зборникот на Јоан Христев од 1868 г. (Софија, НБ бр. 988) и Зборникот на Димитрие Христов-Кратовец од 1886 г. (Софија, ЦИАИ бр. 1188).

## 2.2 Лесновски манастир.

Според најстарото пролошко житие на св. Гаврил Лесновски, кое што го напишал Станислав Граматик во 1330 г., оваа света обител потекнува некаде од XI век, а ја основал самиот св. Гаврил Лесновски посветувајќи ја на св. Архангел Михаил.

[1] сп. и https://preminportal.com.mk/duhovnost-2/zhitija/22673-zhitie-na-prepodoben-gavril-lesnovski

Околу манастирот се подигнати бројни свети места – помали манастири, параклиси, испосници и скитови, кои биле во функција на познатата Лесновска книжевна школа. Во историско-книжевниот текст „Изјаснително писание“ напишано веднаш по опширното житие на св. Гаврил се споменуваат четири испосници во околината на манастирот, во кои се подвизувал св. Гаврил Лесновски, зачувани до денес, а во една од нив, која е посветена на св. пророк Илија, според житието и службата на св. Гаврил, преподобниот поминал триесет години од својот испоснички живот.

Во пролошкото житие на св. Гаврил Лесновски од 1330 г. пишува дека црквата ја подигнал Гаврил и му ја посветува на св. архангел Михаил, а по смртта на светителот-пустиножител Гаврил и чудата што се случувале над неговиот гроб, пред сè исцелувањето болни, манастирот добил две имиња и на архангел Михаил и на пустиножител Гаврил.

Во содржината на опширното житие, што настанало како трета текстуална варијанта и е зачувано во неколку преписи од XVIII и XIX век, овој настан е одбележан со различен податок. Имено, во соновидение му било речено на Гаврил да изгради манастир посветен на Раѓањето на св. Богородица, а Лесновскиот манастир веќе постоел (Стојчевска-Антиќ 2003: 51–52). Изградбата на Лесновскиот манастир се претставува и во две етиолошки преданија, што во 1989 г. ги забележал Танас Вражиновски во с. Кунево. Во едното стои дека преку соновидение се прикажало каде да се изгради манастирот, а интересно е што во овој случај настанува трансформација на мотивот на натприродното уривање на градбата зашто, дење го граделе, а ноќе се уривал. Овој момент се поврзува со содржината на едно предание од Кратовско за градењето на мостот. Во другото предание градењето се датира во времето на турското ропство, а самата изградба се изведувала скришно – само ноќе (Велев 1991: 218).

Манастирот што го основал Гаврил Лесновски и што го носи неговото име станал значаен книжевен центар, познат како Лесновски книжевен центар. Книжевна дејност во Лесновскиот манастир имало особено од XIVв., но и претходно, особено ако се има предвид фактот дека манастирот постоел и во него подолго време бил негуван култот кон пустиножителот св. Гаврил Лесновски. А за да се негува тој култ и да се извршуваат потребните

богослужбени дејства во кругот на манастирското монашко братство потребни биле соодветни црковни книги, коишто или требало да се донесат од друг книжевен центар или да се напишат во сопствен скрипториум (Поп-Атанасов 2019: 14–15).

Лесновскиот манастир зазема значајно место во македонската црковна, национална и културна историја. Возобновен е во 1341 г. од деспот Јован Оливер. Фрескоживописот е завршен во 1347 г. најверојатно од четворица зографи. Во 1558 г. локалното население го возобновило Лесновскиот манастир, во 1627 г. ја преобновило магерницата (манастирската кујна), во 1635 г. донело вода, но веќе манастирот почнал да опаѓа под османлиската власт, па во 1672 г. и некои манастирски згради биле распаднати, а група набожни паланчани ги поправале и подариле сребрени кандила за храмот (сп. Стојановић 1902: I 408). Манастирот опаднал, веројатно заедно со Осоговскиот манастир во XVIII век. Обновувањето настанало во 1805 г. по иницијатива на јеромонахот Теодосија, кој... „го нашол манастирот совршено запустен". Тогаш изградил дванесет соби „одаи" и кујната ја обновил со помош на благочестиви христијани. Манастирот бил обграден со високи ѕидови, имал голем двор и простор за гости. Во многу описи се посочува дека манастирот располагал со големо богатство: сребрени црковни одежди и службени книги, различни земјоделски орудија, садови за вино и ракија, амбари, ниви, лозја, воденици, многу жива стока и др.

Уште од своето основање, големата Лесновска лавра, со своите многубројни параклиси и скитови, станала расадник на многу нови светилници на Македонската православна црква сè до епископот Гаврил Светогорец, чие тело почива до самиот манастир и од страна на Македонската православна црква е канонизиран за светител[2].

[2] Гаврил Светогорец, епископ Велички од Манастирот во Лесново, кој на 28 мај 2017 е прогласен за светец од МПЦ-ОА, во Соборниот храм „Свети Никола" во Штип, каде што се изложени неговите мошти, голем дел од животот поминал и во пештерските келии во близина на манастирот во Лесново, каде што пред 1000 години аксетски живеел и неговиот истоименик, Св. Гаврил Лесновски.

## 3 Светителски култ на Гаврил Лесновски.

Локалните светители, познати како пустиножители најдлабоко живеат во религиозната и културната свест на народот, поконкретно св. Јоаким Осоговски во кривопаланечкиот крај, св. Гаврил Лесновски во злетовскиот и св. Прохор Пчињски во кумановскиот. Култот на светците е нераскинлив дел на религиозниот живот на општествената средина. Значењето на светителот било дотолку поголемо, што претставата за чудотворниот покровител и заштитник од кого може да се бара помош, чиишто мошти се наоѓаат недалеку, во близина на црква или во самата црква, многу поедноставно и полесно навлегувале во свеста на обичниот човек отколку идејата за далечни, невидливи божества (Вражиновски 2015: 260, 271).

Светителскиот култ на Гаврил Лесновски му заживеал веднаш по неговата смрт, а се организирал уште кога тој бил жив преку верувањата во неговата чудотворност и исцелителна моќ. Со неговиот култ се поврзува и многувековната историја на Лесновскиот манастир, посветен на св. архангели Михаил и Гаврил – но и на неговата светителност.

Култот на пустиножителот Гаврил се одразил и во народната традиција. Народот го прифатил за свој заштитник, посредник меѓу судбината и божјата волја и прифаќајки го за свој предодреден светител и за своето духовно утешение измислувал преданија и легенди за него и за неговата чудотворна моќ. Така, неговиот култ се стекнал со понагласена социолошка функција. Се верувало дека пустиножителот има моќ да ги истерува злите сили, што се вгнездувале во душата на човекот. Во молитвите и почитта кон него се барало спас од пароноидните и психогените болести (Велев 1991: 217).

Светителскиот култ на Гаврил Лесновски се ширел и се развивал преку религиозно-духовната, книжевната, сликарската и народната традиција, а негувањето на неговиот култ претставувало и заштита на манастирскиот култ, односно во манастирот како духовен центар повеќе мирски и свештени лица доаѓале на поклонение пред преподобниот Гаврил Лесновски за лично утешение.

Анахоретскиот (аскетски) подвиг на Гаврил Лесновски влијаел во злетовскиот крај да се развие монашкиот живот – еремитскиот и киновискиот. Ваквиот пример го следеле повеќе монаси од Лесновскиот и од околните манастири, од кои некои заминале во подвизништво.

Лесновскиот манастир претставувал опширна калуѓерска општина со голем број калуѓери, искушеници и прислужници. Околу манастирот се наоѓале околу 18 помали манастири во кои живееле повеќе од 100 монаси кои покрај на богомолство биле посветени и на пишување и препишување книги за книжните фондови на манастирската библиотека. Според некои записи во средината на XIX век во манастирот имало околу 50 товари ракописни книги, кои подоцна биле разграбани или уништени (Филиповска 2008: 88).

## 3.1 Култот во сликарската традиција.

Култот на преп. Гаврил Лесновски бил одржуван и со сликањето на негови портрети по фрескоживописите на црквите во североисточна Македонија, на иконите и по другиот црковен инвентар. За проучувањето на неговите портрети важно е откривањето на живописот во лесновската црква од времето на нејзината обнова по 1341 г. (Грозданов 1983: 159).

Од фреските во манастирската црква оставаат впечаток ликовите на св. Гаврил Лесновски, св. Јоаким Осоговски, св. Прохор Пчињски, композицијата „Успение на Пресвета Богородица“, ретките сцени инспирирани од Псалмите Давидови итн. Иконостасот е во длабока резба од 1811 – 1814 г., прво дело на тајфата на Петре Филиповски-Гарката.

Кон програмата на источниот дел од храмот припаѓаат трите претстави посветени на основоположникот на манастирот Гаврил Лесновски. Неговиот лик во допојасје е насликан во ниша на јужниот ѕид во ѓакониконот, а во цел раст е прикажан под свечената арка од штук на местото каде што вообичаено се слика патронот на црквата – на јужниот ѕид, непосредно пред олтарната преграда. Претставен е во великосхимничка одежда која ја определува неговата припадност на највисокиот монашки испоснички ред. На спротивниот ѕид, на влезот во проскомидијата е поставена композиција која го претставува погребувањето на пустиножителот, што ги потврдува наводите од

пролошкото житие на св. Гаврил Лесновски од 1330 г. дека се упокоил во својот манастир (Поповска-Коробар 2000: 18, 20). На композицијата на смртта на св. Гаврил Лесновски тој е положен на рогозина, околу него во полукруг се собрани девет монаси со игуменот на манастирот во средината. Првиот помлад монах држи свеќа и отворена книга, а до него уште еден постар монах – великосхимник држи свеќа. Во заднината се гледа дел од лесновската црква со купола. Во горниот дел на композицијата, од десната страна, еден ангел во рацете ја носи душата на покојниот монах (Филиповска 2008: 89).

### 3.2 Чудотворните дела.

Според житието кога Гаврил отишол во малата шума во Луково за која никој не знаел, дошол некој овчар и го замолил да му помогне на стадото кози кое било болно поради неговите гревови. Гаврил нашол вода во една дупка од камен, ја прекрстил и му ја дал на овчарот да ги попрска козите и тие веднаш оздравеле, а овчарот многу му бил благодарен. Во опширното житие се предава чудото на пустиножителот што го предизвикал во местото Луково, излекувајќи му ги козите на едно овчарче „пропаднати од некој оган". Светителот ја прекрстил водата со крстен знак и откако овчарчето ги попрскало козите, тие оздравеале (Стојчевска-Антиќ 2003: 52). Овој мотив доживеал трансформација во народните преданија што се зачувале меѓу месното население. Постојат повеќе варијанти регистрирани во тој крај што го одразуваат овој мотив. Најблиска варијанта до содржината на житието е преданието од 1976 г. на раскажувачот Ѓорѓи Јованов Левков, според кое пустиножителот сретнал едно козарче чиишто кози биле болни од шуга. Гаврил удрил со ногата на земја и точно на тоа место потекла вода и настанал лековит кладенец, па ги испрскал козите и сите оздравеале. Оттогаш таа вода била лековита.

Преподобниот отец Гаврил Лесновски се нарекува Чудотворец, поради мноштвото чудотворни исцеленија кои се случувале со неговите мошти – се вели дека многумина кои пристапувале кон нив со вера, биле прочистувани од „нечестивиот дух", добивале брза помош и исцеление, а се наведува и чудото со богатиот Ерменец чија ќерка-единица имала „сува" десна рака, но откако се поклонила на моштите, раката ѝ оздравела (Велев 1996: 99). Сп. во градот Кратово бил некој Ерменец, многу богат, немал чеда, освен ќерка-единица на

која ѝ била сува десната рака. Доаѓајќи во манастирот тој се поклонил пред моштите на светиот и раката на девојката оздравела се отпуштила, а исто така и на друг кнез му било излекувано детето од нечистите духови.

## 3.3 Свети мошти.

Во хагиографските состави за Гаврил Лесновски постојат, главно, две варијанти за чудотворното пронаоѓање на неговите мошти, кои биле и причината да започне да се распространува и неговиот култ. Според краткото, Пролошко житие на Станиславовиот пролог од 1330 г., откако го подигнал манастирот во чест на архистратегот Михаил и формирал монашко братство, триесет години живеел осаменички живот во неговата близина, оддавајќи се на деноноќна молитва и телесно измачување, па пред смртта се вратил во манастирот и тука починал. По три децении светителот му се „јавува“ на сон на некој руски монах во Софија, кој ги откопал неговите мошти и ги положил во ковчег (Велев 1996: 73). Според опширното т. н. народно житие, пак, св. Гаврил се замонашил во Лесновскиот манастир, се подвизувал во неговата околина и умрел во некоја пештера на Облов Врв. По само неколку дена, по пат на соновидение на рускиот монах Јосиф во Софија, му го открил местото каде се наоѓаат неговите мошти и побарал да бидат пренесени во манастирот. Сп. „Слушни и отиди на планината Обли Врв и таму ќе ги најдеш моштите и пренеси ги во Лесновскиот манастир. Бог ми заповеда да ти го кажам ова што ти го кажав.“ Монахот, по јавувањето во вториот сон: „Блиску сум до тебе, на левата страна“, ги пронашол моштите, од кои се ширел мирис на цвеќиња, во присуство на „митрополитот со епископот, игуменот, свештениците, монасите и кнезовите“ (Велев 1996: 98). Во Опширното житие на св. Гаврил Лесновски пишува дека рускиот монах Јосиф, митрополитот, епископот, игуменот, целото свештенство и кнезовите при пронаоѓањето на посмртните останки на св. Гаврил Лесновски биле сведоци на „богоуханието“ на неговите мошти кои мирисале на „роза“ и „крин“: „...пријде Јосиф на реченото место, ги откри моштите на светителот, и се поклони на моштите, и митрополитот со епископот, и игуменот, и другите свештеници, монаси и кнезови, со голема радост и слава; излегуваше благоухание како роза и крин благомирисни, и се пренесоа моштите во манастирот лесновски“ (Велев 1996: 99).

Во житието на св. Варлаам Охридски е забележано дека откако ги извадиле моштите од гробот и ги поставиле на одар, од расечените рани каде што имало само мали белези, започнало да тече „благомирисно миро“ и сите присутни ги исполнило со „благомирис и радост“ (Недески, Димоски 2018: 36–37).

Со оглед на фактот што за понатамошната судбина на моштите на св. Гаврил Лесновски постојат поголем број различни варијанти, ќе споменеме само дека тие биле пренесени од Лесново во Трново, во црквата на Светите Апостоли, најверојатно во XIII век, а потоа повторно биле вратени (или дел од нив) кон крајот на XVII или во XIX век (Велев 1996: 98–99). Според запис од 1694 г. од монахот Исаија, пак, моштите на св. Гаврил во крајот на XVII век сè уште се чувале во манастирот, иако Османлиите веќе ги држеле под своја власт тие краеви повеќе од два века (Стојчевска-Антиќ 2003: 159).

И народните раскажувачи знаеле дека преподобниот пустиножител му ги открил моштите на „калуѓерот Јосиф“ по пат на сон, а народното предание го засилува овој момент преку библискиот симбол за отворање на непрооден пат (Симић 1912: 74–75, сп. Стојчевска-Антиќ 2003: 157). Според легендата на Облов врв дошол злетовскиот владика со голема придружба и ги пренеле моштите во Лесновскиот манастир – а по патот при пренесувањето на моштите се случило чудо „непроодната шума се отворала сама“ пред поворката која ги пренесувала моштите и никој во поворката не смеел да се сврти назад, а една жена се свртела пред стигнувањето во манастирот и во тој момент шумата престанала да отвора пат, жената се скаменила и народот морал сам да отвора пат низ шумата. Според една верзија на ова предание, се свртела некоја жена, а според друга верзија, пак, некој свештеник, по што и двајцата се скамениле, а патот по кој што се движеле се затворил, така што луѓето во процесијата морале сами да се пробиваат низ шумата (Стојчевска-Антиќ 2003: 158).

Во историското предание за преносот на моштите во Бугарија, се раскажува дека пустиножителот им се јавил на двајца браќа од Трново и побарал моштите да ги пренесат на некое „друго место“. Бидејќи браќата не можеле да го пронајдат неговиот гроб, повторно на сон им го покажал местото преку знак: „Одете надоле на десно, надоле одете ќе видите дека ќе падне пиле на дрво – туј су ја!“. Откако го пронашле во пештерата „земале го, па го качиле

во кола, пренеле го преко Лесново“ (Луческа 2018: 33). Според друго предание „у Лесново оставиле едно рамо само и така станал заштитник на народо свети Гаврил“ (Вражиновски 1998: 413, Луческа 2010: 219).

Легендите поврзани со светите мошти и нивната чудотворност според Вражиновски (1992: 113) се изградени врз основа на: распространетоста на чудата на моштите, крадењето на моштите и последиците од него, па враќањето на моштите, како и дарувањето на манастирот во знак на благодарност. За светите мошти, општопознато е верувањето дека христијанските светци и по смртта ја задржувале својата чудотворна моќ, па благодарејќи им на нивните мошти правеле секакви чуда: слепите прогледувале, болните и сакатите оздравувале, поразените од нечисти духови се спасувале, се излекувале и многумина од неизлечиви болести. Исцелителната моќ на светите мошти се објаснува со сфаќањето дека она што светецот не успеал да го стори за време на својот живот може да го стори по својата смрт (Вражиновски 2006: 280, Макаријоска 2011: 332). Несомнена е живата традиција на верувањата дека од светите мошти на Гаврил Лесновски се источуваат разни чуда и многу луѓе добиле исцеление.

### 3.4 **Свети води**.

Светите, лекувачките води според верувањата во македонската традиција се дело на некои светители, особено на: св. Богородица, св. Климент и Наум Охридски, св. Гаврил Лесновски и др. Изворите на светите води во манастирите на светителите лекуваат од секакви болести. Во народното житие се вели дека светата вода во с. Луково се појавила кога светецот Гаврил Лесновски „згазил сос нога у карпата и направил дупка и вода нашле“ (Вражиновски 1998: 415). Исцелителната вода во с. Луково, посветена на св. Гаврил Лесновски, според народното верување најмногу им помага на оние што немаат пород, но помага и за очни и други болести.

### 3.5 Култот во народното творештво.

Во преданијата обично се опишува осаменичкиот живот на светците во испосништво, при кој ако некој ги откриел тие го менувале живеалиштето. За св. Гаврил Лесновски биле раскажувани и сè уште се раскажуваат голем број месни преданија и легенди, особено во кратовско-злетовскиот крај.

Содржините на народните раскажувања преку преданија и легенди во овој случај најпрво произлегувале главно од неговиот житиен текст, а се позајмувале и од проповедите на лесновските монаси. Сепак бил присутен и процесот на збогатување со нови настани и чуда, било да се измислувале како нови или се трансформирале во други варијанти. На тој начин народот дал и свој прилог во збогатувањето на неговиот култ. Во почетокот религиозно-духовниот облик на култното обележување предизвикал поттик за издигање на книжевниот култен однос, а подоцна книжевните мотиви за Гаврил Лесновски се одразиле во народната традиција. Откако активно заживеале народните преданија и легенди за пустиножителот, народната фантазија продуцирала нови содржински слоеви, што дејствувале обратно, пренесувајќи се во книжевната традиција. Овој процес е впечатлив во третата текстуална варијанта на житието на Гаврил Лесновски, што настанала во XVI – XVII век, а чиишто преписи се зачувани од XVIII и XIX век. Содржината на таа текстуална варијанта претрпела значителна трансформација под влијание на народните преданија и легенди. Во тоа се гледа и причината што на некои места содржината се разликува од текстот на житието од втората варијанта. Со голема оправданост се гледа на ставот дека третата текстуална варијанта на житието на Гаврил Лесновски се квалификува како „народно житие“ (Иванова 1985: 172–175, сп. Велев 1991: 217).

Народната традиција го поврзува пустиножителот Гаврил Лесновски во заемно изграден култ со пустиножителите Јован Рилски, Прохор Пчински и Јоаким Осоговски. Ваквата култна врска се одразила и во книжевната традиција. Станува збор за последниот дел од предговорот на опширното житие на Јоаким Осоговски. Таму тие се претставуваат како „чесно богоизбрано друштво, трудољубиви ... излегоа со ралото на верата да направат бразда и работници, да посеат семе духовно, и да го дожнеат достасаното класје, добродетелен плод на Христа да му принесат“ (Велев 1991: 220).

Според Вражиновски (1999) овие испосници се застапени во македонската народна традиција како „браќа по крв“, според некои „браќа по дух или вера“. Врз основа на преданијата може да се реконструира една општашема во која се опфатени најосновните мотиви, и тоа: потеклото на четворицата испосници; причините за прифаќањето на испосништвото; нивната разделба и населувањето во соодветните места каде што го поминуваат својот живот;

изградбата на манастирите; лекувачките својства на четворицата испосници, на нивните мошти и на нивните манастири; нивната заштитна функција.

Во врска со разделбата на четворицата испосници (и нивното населување на соодветните места), се раскажува дека доаѓа како резултат на: а) договор помеѓу нив, б) нарушување на испосничкиот живот од разни луѓе, в) појава на сон на свето лице кое им наредува да се разделат и секој од нив да тргне по својот избран пат и да ја шираат верата: „Вие четворицата браќа да факате четири страни, да се разнесете на четири страни и там да се испоснувате, да држите религија" (Вражиновски 1998: 419). Врз основа на овие моменти, секој од четворицата испосници како што станувал, така и без збор заминувал: а) св. Јован Рилски, заминал на исток и се населил во планината Рила, б) св. Јоаким Осоговски во Кривопаланечко, в) св. Гаврил Лесновски останал во Лесново, бидејќи таму тие се разделиле, г) св. Прохор Пчински се населил во Кумановско. Пред да го изберат своето постојано место на живеење тие по неколку пати го менувале местото каде што се населувале, а во некои преданија точно се наведуваат местата каде што престојувале (обично пештери). Тие се преселувале од едно место на друго поради вознемирување од луѓе и од животни. Сѐ до моментот на нивната разделба во македонските преданија и легенди се појавува ликот на св. Јован Рилски. По разделбата во македонската народна традиција се губи секаква трага за неговиот понатамошен живот и дејност.

### 3.6 Споменот на преп. Гаврил Лесновски

се празнува на 28 јануари (на истиот ден се празнува и преп. Прохор Пчински). Во македонската народна традиција на денот на споменот на светителите е раширено дарувањето на светците и на нивните манастири и тоа најмногу е поврзано со св. Климент и Наум Охридски, со св. Јоаким Осоговски, св. Гаврил Лесновски, св. Прохор Пчињски. Верниците ги дарувале и ги даруваат светците и нивните манастири со: имоти, вредни предмети, пари, кошули, крпи, шамии, чорапи, прехранбени производи (пр. масло за јадење, грав и сл.). Се даруваат и животни, посебно јагниња, во согласност со верувањето за причината за појавата на болестите, па се принесувале жртви на Бога со надеж дека на тој начин ќе може да се искупи животот.

## 4 Заклучок.

Податоците за св. Гаврил Лесновски, согледани од неговите житија и зачуваните преписи, како и од народните преданија и легенди се значаен извор за расветлувањето на основите врз кои се изградувал неговиот светителски култ. Манастирот што го основал Гаврил Лесновски и што го носи неговото име станал значаен книжевен центар, познат како Лесновски книжевен центар, а зазема значајно место во македонската црковна, национална и културна историја. Култот на св. Гаврил Лесновски е нераскинлив дел на религиозниот живот на општествената средина, како светител, чудотворен покровител и заштитник, посредник меѓу човечката судбина и божјата волја. Светителскиот култ се ширел и се развивал преку книжевната, сликарската и народната традиција. Култот бил одржуван со сликањето на негови портрети по фрескоживописите на црквите во североисточна Македонија, на иконите и по другиот црковен инвентар. Посебно значајни се легендите поврзани со пронаоѓањето на светите мошти и нивната чудотворност.

**Извори и литература**


Илија ВЕЛЕВ, 1990а: Житејната литература за пустиножителот Гаврил Лесновски со кратка редакција, *Спектар*, VIII, бр. 15, Скопје, 21−38.

Илија ВЕЛЕВ, 1990б: Житејната литература за пустиножителот Гаврил Лесновски со опширна редакција, *Спектар*, VIII, бр. 16, Скопје, 49−66.

Илија ВЕЛЕВ, 1991: Житејните и народните мотивски трансформации што го изразуваат култот на пустиножителот Гаврил Лесновски, *Македонски фоклор*, XXIV, бр. 47, Скопје, 215–221.

Илија ВЕЛЕВ, 1993: Почетното заживување на еремитското монаштво во Македонија и подвизувањето на пустиножителот Гаврил Лесновски, *Современост*, XLII, бр. 1–2, Скопје, 160–171.

Илија ВЕЛЕВ, 1995: Службата за пустиножителот св. Гаврил Лесновски со посебен осврт врз необјавениот препис на Димитрие Христов од 1886 година, *Годишен зборник на Филолошкиот факултет*, кн. 20–21, Скопје, 285–314.

Илија ВЕЛЕВ, 1996: *Свети Гаврил Лесновски во книжевната традиција*, Менора, Скопје.

Танас ВРАЖИНОВСКИ, 1992: *Македонски историски преданија*. Скопје: Матица македонска.

Танас ВРАЖИНОВСКИ, 1998: Народна митологија на Македонците, 2, Прилеп-Скопје: Институт за старословенска култура, Матица македонска.

Танас ВРАЖИНОВСКИ, 1999: Светите Иван Рилски, Јоаким Осоговски, Гаврил Лесновски и Прохор Пчински во македонската народна традиција, Народна традиција, религија, култура. Скопје: Матица македонска. пристап 19.5.2022 на https://www.ongal.net/editions2/1100Years_st.Ivan_Rilski00_pdf/7_1100Years_Vrazhinovski00_web.pdf

Танас ВРАЖИНОВСКИ, 2015: *Македонската народна религија*, Скопје: Силсонс.

Цветан ГРОЗДАНОВ, 1983: *Портрети на светителите од Македонија од IX – XVIII век*, Скопје: Републички завод за заштита на споменициите на култура.
Климентина ИВАНОВА, 1985: *Стара българска литература.* т. 4, *Житиеписни творби.* София: Български писател.
Маја ЈАКИМОВСКА-ТОШИЌ, 1999: Книжевно-историските состави во македонската средновековна литература, *Блесок*, бр. 8, Скопје, пристап 16.9.2022 на https://blesok.mk/mk/литература/книжевно-историските состави во маке/
Блаже КОНЕСКИ, 1977: За Станиславовиот пролог, *Прилози на МАНУ*, II, 1–2, Скопје, 5–25.
Ели ЛУЧЕСКА, 2010: *Култот на христијанските светци во Македонија. Историја и традиција,* Прилеп : Институт за старословенска култура – Прилеп.
Ели ЛУЧЕСКА, 2018: *Култот кон светите мошти на територијата на Македонија*, Прилеп: Институт за старословенска култура – Прилеп.
Лилјана МАКАРИЈОСКА, 2011: *Лексиката од областа на историјата на медицината*, Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“.
Добрила МИЛОВСКА, 2007: *Македонската житијна литература* (IX – XVIII век), Скопје: Менора.
Добрила МИЛОВСКА, Јован ТАКОВСКИ, 1996: *Македонската житијна литература* IX – XVIII век, Скопје: Табернакул, 109–113.
Виктор НЕДЕСКИ, презвитер Александар ДИМОСКИ, 2018: *Свети Варлаам Охридски*, Охрид: Канео
Ѓорги ПОП-АТАНАСОВ, 2019: *Црковното книжевно наследство на Лесновскиот манастир*, Штип: Брегалничка епархија.
Викторија ПОПОВСКА-КОРОБАР 2000: *Лесновски манастир Св. Архангел Михаил и Св. Гаврил Лесновски*, Скопје: Музеј на Македонија
Стеван СИМИЋ, 1912: *Лесновски манастир светога оца Гаврила.* Београд: Задужбина српскога деспотаЈована Оливера.
Љубомир СТОЈАНОВИЋ 1902: *Стари српски записи и надписи.* књ. I, Београд: Српска Краљевска Академија, пристап 16.5.2022 на
http://www.promacedonia.org/serb/ls/stojanovich_stari_srpski_zapiski_kn1_1902.pdf
Вера СТОЈЧЕВСКА-АНТИЌ, 2003: *Локални хагиографии во Македонија*, II изменето и дополнето издание, Скопје.
аџика Живанка ФИЛИПОВСКА, 2008: *Житијата и празниците во Светата Православна црква* јануари-февруари-март, Скопје: Академски печат.

## SUMMARY

Sacred cult of Gavril Lesnovski (from Osechko Pole, Kriva Palanka, lived in the late XI and early XII century), eremite, godsend, saint, miracle worker, spread and developed through the religious-spiritual, literary, folk and artistic tradition. Saint Gavril Lesnovski is one of the four Macedonian hermits (along with Saint Jovan Rilski, Saint Joakim Osogovski and Saint Prohor Pcinjski) who are considered the founders of the hermit monasticism in Macedonia. The compiled hagiographies and services, as well as the preserved transcripts from the 9th century, in manuscript collections, are important sources for the research of the cult to this saint.

The analysis of the hagiography composition, i.e. it`s content structure, discovers the following segments: the miraculous birth of the hermit; education and his secular inclinations, the Christian faith as a life commitment of the hermit and love of the Supreme, establishing a connection with the monastic cult, going into asceticism, consecrating and discovering the cult of the hermit, the miraculous works of the holy relics (the blind have seen, the sick have been healed, and those who have been possessed by an unclean spirit have been cleansed), the protection power, the cult connection with the Zletovo area and the Lesnovo monastery, which has an important place within the Macedonian church, national and cultural history.

The cult of Venerable Gavril Lesnovski was maintained in the painting tradition by painting his portraits on the frescoes of churches in northeastern Macedonia, on icons and other church inventory, as well as in folklore, in many local traditions and legends. The memory of the Venerable Gavril Lesnovski is celebrated on January 28 (on the same day Rev. Prohor Pchinski is also celebrated). Undoubtedly, there is a living tradition of the belief that various miracles are associated to his relics and lot of people were healed of it.